Вера Коцо – судија
на Врховен суд на Република
Северна Македонија-во пензија

# Востановување и престанок на правото на службеност

# Поим предмет и поделба

- Стварно право врз туѓа ствар со цел да се овозможи поцелисходно користење на ствaрта на носителот на правото,а сопственикот на ствaрта е должен тоа да го трпи

Предмет :подвижни, недвижни ствари и права

Според ЗСДСП поделени се на :

- стварни и
- лични службености

# Главни карактеристики

- Се воспоставува врз туѓа ствар
- Апсолутно дејство (erga omnes)
- Без обврска за некакво сторување од страна на сопственикот
- Носителот на правото ја користи во определен обем и начин во рамките на востановената службеност
- Не може да се заснова врз воспоставено право на службеност
- Мора да биде корисна и оправдана

# Главни карактристики

- Мора да се извршува на начин со кој најмалку се оптоварува послужната ствар
- Стварната служБеност не може да се пренесува сама за себе ниту да се одвои од послужната и привилегираната ствар
- Личната служБеност не може да се одвои од послужната ствар
- Може да се пренесе извршувањето на служБеноста кај плодоуживањето

# Носител на правото на службеност

- Носител на правото на стварна како и на лична службеност(плодоуживање и употреба) може да биде:

- Физичко и

- Правно лице

- Кај личната службеност- домување само физичко лице
- Секој сосопственик,односно заеднички сопственик



- Може да биде и долготрајниот закупец

# Стварни службености (според временското важење)

Можат да бидат востановени како:

- трајно право(на постојано остварување)
- на определено време (временски определено траење во самиот акт на основање)
- на определено годишно време(за определен период во годината)

# Во зависност од природата на привилегираната недвижност

- полски(пешачки премин,протерување добиток,премин со разни видови возила право на црпење вода,довод одвод и др
- куќни(нужен премин,ползување туѓ ѕид, спроведување на чад преку туѓ оџак, поставување на тв. антена и други)
- комунално-технички(спроведување на навтоводни, гасоводни, водоводни и други видови цевки, разни видови кабли и др. работи од комунално-техничка природа)

# Услови и можности за востановување на службеноста

- разумна цел
- најмало оптоварување на послужната ствар
- без преземање на активности со кои се отежнува вршењето на службеноста
- можност за востановување на повеќе видови службеност врз иста недвижност
- при неможност за користење, право на првенство на порано востановените

# основи за стекнување на стварните службености

- правно дело(договор заверен пред нотар,судско порамнување или тестамент)
- одлука на суд или друг државен орган

  (се востановува со денот на правосилноста на одлуката)
- одржувачка (фактичко остварување за време од 20 год.без злоупотреба,со примена на сила или со измама)

# Права на странките

- Право на надоместок (по спогодба или по барање на сопственикот на послужното добро)
- Право на судска заштита на сопственикот на привилегираното добро(согласно одредбите за заштита на правото на сопственост како и тужба за смеќавање на вршење на службеноста спрема секој, како и према закупци,плодоуживатели и други )

# Престанок на стварните службености

- Ако сопственикот на привилегираната недвижност не го вршел своето право 3 години еднноподруго
- по барање на сопственикот на послужната ствар

- ако станала непотребна за користење на привилегираната недвижност
- поради истекување на определеното време
- престанување на причината за нејзино засновување

# Други причини за престанок

- поради не вршење за времето потребно за стекнување со одржувачка
- кога исто лице ќе стане сопственик на послужната и привилегираната ствар
- со пропаѓање на привилегираната односно послужната ствар
- Со одлука на државен орган,со одрекување или пропаст на едната недвижност,спојување на сопственоста и слично

# Други случаи

- при поделба на привилегираната ствар службеноста останува во корист на сите делови
- сопственикот на послужното добро може со конститутивна тужба да бара престанок на службеноста на одделен дел,ако стварната службеност не служи за потребите на тој дел
- при поделба на послужната ствар службеноста останува само на деловите на кои што е вршена

# Остварување на престанокот

- со тужба за престанок на правото на службеност

- Тужба за утврдување( кога сопственикот на привилегираното добро нема право на конкретната службеност поради постоење на одредени услови)
- Конститутивна тужба за престанок на правото на стварна службеност(кога ќе стане непотребна или поради престанок на причината поради која е заснована

# Лични службености поим и предмет

- Се засновуваат заради задоволување на потребите на одредени лица и преставуваат стварно право врз туѓа ствар на лице кое е во посебен однос со сопственикот на послужната ствар,со право да се служи со истата на определен начин, а сопственикот тоа мора да го трпи
- Се засновуваат како врз недвижности така и врз подвижни ствари

# Видови лични службености

- Плодоуживање(usus fructus)
- Употреба ( usus)
- Домување (habitatio)

# Главни карактеристики

- Траењето е временски ограничено (за времето за кое се утврдени или до смртта на носителот
- Не можат да се пренесуваат (освен кај плодоуживањето со одвојување на плодовите)
- Не можат да се наследуваат (освен ако не се утврдени и за наследниците на носителот на службеноста

# Правото на плодоуживање

- Лична службеност која му дава право на носителот да се служи со ствapта без надоместок, со грижлив однос и во согласност со природата и намената на послужната ствар

# Предмет на плодоуживањето

- Може да се воспостави на :

  - подвижни ствари

  - недвижни ствари

  - на повеќе подвижни ствари заедно

 Кои се непотрошливи

  - на право кое дава плодови или други користи

# Носители на правото на плодоуживање

- Физички
- Правни лица
- Повеќе носители
- Плодоуживателот е непосреден владетел на стварта со сите права на сопственик, освен правото на располагање

# Обврски на плодоуживателот

- Се грижи за стварта како добар домаќин,стопанственик или стручњак
- Ги поднесува трошоците за нејзиното редовно одржување
- Не одговара за намалување на вредноста на стварта поради нејзината редовна употреба
- По престанокот на правото, должен е да ја врати стварта на сопственикот

# Односот на сопственикот спрема плодоуживателот

Изразен во суштината на самото право на плодоуживање

-мора да го трпи плодоуживањето

-ограничено сопственичко право со цел да не го повредува правото на плодоуживателот

# Основи за стекнување на плодоуживањето

Со правно дело( договор или тестамент)

-посебен договор за засновување или

-со одредби во друг договор(договор за дар, доживотна издршка)

-со тестамент соодветно се применуваат одредбите за стекнување на легат

Со одржувачка соодветно се применуваат одредбите за стекнување на сопственост со одржувачка

# Начин на засновување

- Плодоуживањето врз недвижна ствар се стекнува со склучување на договор во форма на нотарски акт или во форма на договор заверен пред нотар и упис во катастарот на недвижности
- Врз подвижна ствар се стекнува со склучување на договор и со предавање на ствартa на плодоуживателот

# Природни плодови и цивилни приходи

- Природните плодови –плодоуживателот ги стекнува со нивното одвојување од послужната ствар
- Цивилните приходи (камати закупнини и слично) за времетраењето на плодоуживањето, без оглед кога биле наплатени

# Утврдување на состојбата на послужната ствар и трошоците

- По барање на плодоуживателот или сопственикот на послужната ствар при нејзиното предавање или враќање може да се направи записник за да се утврди состојбата на послужната ствар
- Трошоците за редовно одржување на послужната ствар ги поднесува плодоуживателот
- Трошоците што не бил должен да ги направи се разрешуваат според правилата за работоводство без налог

# Неправо плодоуживање

- Кога плодоуживањето е засновано врз :

  - потрошна ствар или

  - право кое што не дава плодови

се работи за неправо плодоуживање

Послужна ствар е паричната вредност на стварта која се враќа на сопственикот по престанок на плодоуживањето

# Права на плодоуживателот кај неправото плодоуживање

- Плодоуживателот слободно располага со парите
- Ако ваквото плодоуживање е засновано на веќе вложена главнина, тој има право само на каматата
- Соодветно се применуваат одредбите за правото на плодоуживање,ако со посебен закон не е поинаку определено

# Престанок на плодоуживањето

- Со изминување на определеното време
- Со смртта или престанокот на плодоуживателот
- Со преминување на послужната ствар во сопственост на плодоуживателот
- Со одрекување од страна на плодоуживателот
- Со пропаѓање на послужната ствар или по сила на законот ако не е обновено правото

# Права и обврски по престанок на правото

- Плодоуживателот да ја врати послужната ствар на сопственикот со сочувана суштина
- Не одговара за редовната амортизација
- Не ги поднесува трошоците за вонредно одржување
- Право на одвојување на она што вградил во стварта без оштетување на истата и ако сопственикот одбил да му ги надомести сторените трошоци

# Право на употреба

- Вид на лична служеност со која носителот на правото ја употребува туѓата ствар во границите на неговите потреби и на членовите на неговото семејство
- Не смее да се менува суштината и намената на стварта
- Не смее да извлекува други имотни користи

# Разлики од правото на плодоуживање

- Носител на ова право е само едно лице
- Освен кога повеќе лица се во некаква заедница(семејна)
- Предмет на ова право не може да биде потрошна ствар
- Плодовите што ги дава ствapта исто така може да ги користи за  свои потреби или потребите на неговото семејство, без извлекување на други имотни користи (давање под закуп и слично)

# Право на домување

- Носител на правото на домување- само физичко лице кое го користи правото без надомест
- За разлика од правото на употреба се однесува само на живеење во туѓа станбена зграда, стан или посебен дел од зграда или стан
- За живеење на носителот на правото,членовите на неговото семејство и други лица кои што тој ги издржува

# Носителот на правото на домување

- Најчесто се востановува до смртта на носителот
- Должен е во границите на користа да ги поднесува и трошоците за редовното одржување( поправки и слично)
- Да постапува со стварта како добар домаќин